УЖ-3.бр.195/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, изјавена преку Државен правобранител за подрачје Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2070/2018 од 05.12.2018 година, за јавна набавка, на седница одржана на ден 23.09.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, изјавена преку Државен правобранител за подрачје Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2070/2018 од 05.12.2018 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.2070/2018 од 05.12.2018 година, ја уважил тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ГЕМАКС-ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз од Скопје и оспореното Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-92/10 од 08.03.2017 година го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган преку Државен правобранител за подрачје Скопје, поради суштествена повреда на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, а побиваната пресуда на Управниот суд да се укине и тужбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот се утврди дека договорниот орган Министерство за внатрешни работи на РМ - Оддел за општи и

заеднички работи - Сектор за набавки, менаџмент и логистика, врз основа на Одлука бр.18.1-66538/1 од 20.10.2016 година, по претходно прибавена согласност од Советот за јавни набавки за користење на барањата во техничките спецификации, спровел отворена постапка за доделување на рамковна спогодба на стоки, за набавка на прехранбени стоки и пијалаци за исхрана на припадниците на полицијата. Постапката била делива, истата била спроведена преку Електронскиот систем за јавни набавки и завршила со електронска аукција. Тужителот поднел понуди за сите три дела, при што понудата на тужителот која се однесувала на првиот дел, по одржаната електронска аукција со Одлуката бр.18.1-7039/1 од 03.02.2017 година, била избрана за најповолна, согласно критериумот за избор - најниска цена. Понудите на економските оператори ДАУТИ КОМЕРЦ АД; ФУАД ВЕНДОР ДООЕЛ Скопје, ДИДАКС ДООЕЛ Скопје и МАКМОНТ ДООЕЛ Скопје, биле отфрлени како неприфатливи, од причина што понудените производи не биле со бараните карактеристики, кое нешто било утврдено од декларациите на понудените производи, од кои мостри биле доставени на денот на јавното отворање. Незадоволен од одлуката на договорниот орган, економскиот оператор ДАУТИ КОМЕРЦ поднел жалба, која со одлука на Државна Комисија бр.08-92/10 од 08.03.2017 година била уважена и одлуката за избор на најповолна понуда и постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка на прехранбени стоки и пијалаци се поништени.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот поведе управен спор пред Управниот суд кој со Пресуда У-5.бр.2070/2018 од 05.12.2018 година истата ја уважил и оспореното решение на тужениот орган го поништил.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 алинеја 24 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" број 136/07 ... 120/16), прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на пондувачите.

Согласно член 129 став 1 точка 1 од истиот закон, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно член 140 став 2 од истиот закон, Комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, задолжително проверува дали е објавена негативна референца на понудувачите до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, што соодветно го документира како дел од досието на постапката. Комисијата ја проверува валидноста и

комплетноста на документацијата за утврдување на способност само на понудувачите за кои не е објавена негативна референца и тоа во рок од пет работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите, односно десет работни дена кај набавките со проценета вредност над еден милион евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ. Согласно став 3 од истиот член, Комисијата задолжително бара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување на способност во рокот од став 2 на овој член. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. Согласно став 5 од истиот член, комисијата го утврдува рокот за доставување на дополнително појаснување и дополнување кој не смее да биде покус од пет работни дена односно три работни дена кај постапка со барање за прибирање на понуди од денот на приемот на барањето од страна на понудувачот. Согласно став 7 од истиот член, неприфатливите понуди, Комисијата нема да ги евалуира. Согласно став 8 од истиот член, евалуацијата се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договот за јавна набавка.

Согласно член 210 алинеја 6 и 12 од истиот закон, битни повреди на законот во постапките за доделување на договор за јавна набавка се битни пропусти кои се однесуваат на евалуација на понудите и извршен избор на неприфатлива понуда.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите по предметот утврди дека Управниот суд правилно заклучил кога прифатил дека тужениот орган погрешно постапил кога жалбата на економскиот оператор ДАУТИ КОМЕРЦ АД с.Бојане, Сарај, поднесена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18.1-7039/1 од 03.02.2017 година ја уважил и Одлуката за избор на најповолна понуда и Постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка ги поништил, со образложение дека постојат неусогласености помеѓу податоците од техничката спецификација и податоците во образецот на понудата кое нешто може да предизвика забуна кај економските оператори кои сакаат да поднесат понуда. Имено, доколку економскиот оператор ДАУТИ КОМЕРЦ имал некакви нејаснотии по однос на тендерската документација истиот согласно член 39 од Законот за јавни набавки, можел да постави прашање преку Електронскиот систем за јавни набавки најдоцна 6 дена пред крајниот рок за поднесување на понуди, на кое прашање договорниот орган бил должен да одговори. На овој начин ќе се разјасенеле сите неусогласености помеѓу техничките и спецификации и образецот на понудата.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужениот орган, но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што и овој суд го прифаќа стојалиштето на Управниот суд при одлучувањето дал доволно

образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на пресудата, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата и решението согласно член 357 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 23.09.2020 година под УЖ-3.бр.195/2019.

| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Милка Стефановска Трпевска с.р | Владанка Панчурова Сулејманова с.р |

/ЛС

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник